# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

18 јули 2012 | Излегува по потреба | Година VII | број 7



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за изградба на доградба и надградба на станбена зграда на КП бр. 1033 и КП бр. 1027/1 КО Гази Баба, на ул. Христо Ботев бр.2 во Скопје**

1. Се објавува одлуката за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за изградба на доградба и надградба на станбена зграда на КП бр. 1033 и КП бр. 1027/1 КО Гази Баба, на ул. Христо Ботев бр.2 во Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/1**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, разгледувајќи го барањето бр.08-1839/1 од 20.06.2012 година и дополнувањето на барањето бр.08-1839/2 од 03.07.2012 година, од Друштвото за градежништво, трговија и услуги ''ПЕМОН-ИНЖИНЕРИНГ'' ДОО од Скопје и Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ''ПЕРФЕКТ'' ДОО извоз-увоз од Скопје, како носители на правото на градење, на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за изградба на доградба и надградба на станбена зграда на КП бр. 1033 и КП бр. 1027/1 КО Гази Баба, на ул. Христо Ботев бр.2 во Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ''ПЕМОН- ИНЖИНЕРИНГ'' ДОО од Скопје и Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ''ПЕРФЕКТ'' ДОО извоз- увоз од Скопје и станарите на заедничкиот станбен објект, како носители на правото на градење, им се одобрува плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за изградба на доградба и надградба на станбена зграда на КП бр.1033 и КП бр.1027/1 КО Гази Баба, на ул.''Христо Ботев'' бр.2 во Скопје.

**Член 2**

Точниот износ на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се утврди со договорот за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште помеѓу Друштвото за градежништво, трговија и услуги ''ПЕМОН- ИНЖИНЕРИНГ'' ДОО од Скопје, Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ''ПЕРФЕКТ'' ДОО извоз-увоз од Скопје и станарите на заедничкиот станбен објект и Општина Гази Баба, претставувана од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Уплатата на рати на соодветниот надоместок за делот на Општина Гази Баба ќе се одвива со следната динамика:

Првата рата да биде исплатена по пресметките: со бр: 12/13-2170/1-2-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-3-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-4-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-5-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-6-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-7-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-8-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-9-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-10-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-11-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-12-ПР од 17.05.2012 година, 12/13-2170/1-13-ПР, сите од 17.05.2012 година, веднаш по склучување на Договорот од член 2 на оваа одлука.

Остатокот од износот, односно износот во пресметката со бр.12/13-2170/1-1-ПР од 17.05.2012 година, да се уплаќа месечно до 20-ти секој месец, на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати, без можност за грејс период.

**Член 4**

Се задолжуваат правните субјекти: Друштвото за градежништво, трговија и услуги

''ПЕМОН-ИНЖИНЕРИНГ'' ДОО од Скопје и Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ''ПЕРФЕКТ'' ДОО извоз- увоз од Скопје, пред склучување на Договорот за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште со Општина Гази Баба, да достават потребна банкарска гаранција.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/3**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас."Железара" локалитет А - Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје**

1. Се објавува одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас."Железара" локалитет А - Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/2**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 22 став 1, член 24 став 1 и 2 и член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11 и 53/11) и и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас."Железара" локалитет А - Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.Железара локалитет А Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.Железара локалитет А Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/02), Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (''Службен весник на РМ'' бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Нацрт - Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.Железара локалитет А Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје, е со површина од 6,11ха и е во рамките на следните граници:

- На североисток: по осовина на улица "Коце Металец"
- На северозапад: осовина на улица 815а, и дел од новопланирана улица
- На југозапад: по новопланирана улица до пресечна точка со улица "Коце Металец"

### Член 3

Нацрт - Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.Железара локалитет А Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје, со Тех.бр. 17/12 , јуни 2012год, изготвен од Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа "ТАЈФА АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Куманово - Скопје, содржи:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

С О Д Р Ж И Н А :

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
2) ПРИЛОЗИ
3) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

## 1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат
4. Податоци за природните чинители
    4.1. Микро-клима
    4.2. Рељефни (морфолошки) карактеристики
    4.3. Сеизмика на просторот
5. Податоци за создадените вредности
6. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
7. Инвентаризација на постојни споменички целини и градби од културно-историско значење
8. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура
9. Инвентаризација на бесправно изградени градби
10. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план
11. Анализа на можностите за реализација на ДУП-от
12 .Извод од Генерален Урбанистички план за град Скопје
13. Извод од Детален Урбанистички план за дел од населба "Железара" лок. "А"

2) ПРИЛОЗИ

3) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

- Извод од Генарален Урбанистички план за град Скопје со граници на плански опфат ........................................ М=1: 5000
- Извод од Детален Урбанистички план за дел од населба "Железара" локалитет "А" со граници на плански опфат .......................... М=1: 1000
- Ажурирана геодетска подлога со граници на плански опфат .............. М=1: 1000
1. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура ................................ М=1: 1000
2. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура .... М=1: 1000
3. Инвентаризација и снимка на бесправно изградените градби ............ М=1: 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

С О Д Р Ж И Н А :

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
3) ПРИЛОЗИ
4) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба на подрачјето на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма

5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба
    6.1 Плански опфат
    6.2 Регулациона линија
    6.3 Градежна парцела
    6.4 Наменска употреба на земјиште
    6.5 Градежна линија
    6.6 Површина за градење
    6.7 Максимална височина
    6.8 Процентот на изграденост
    6.9 Коефициентот на искористеност
    6.10 Сообраќај
    6.11 Нивелмански план
    6.12 Комунална инфраструктура
        6.12.1 Водовод
        6.12.2 Фекална канализација
        6.12.3 Атмосферска канализација
        6.12.4 Електро-енергетски и ТТ приклучок
        6.12.5 Гасоводна мрежа
        6.12.5 Топлификациона дистрибутивна мрежа
    6.13 Хортикултура и партер
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
    8.1. Заштита на културно наследств
    8.2. Заштита на животна средина и природата
        8.2.1. Заштита на почвата и подземните води
        8.2.2 Заштита од бучава
    8.3 Мерки за заштита и спасување
        8.3.1. Заштита од природни и технолошки хаварии
        8.3.2. Мерки за заштита од урнатини
        8.3.3. Мерки за заштита од пожар
9. Општи услови за изградба
10. Посебни услови за изградба

**2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. Нумерички показатели
2. Билансни показатели

**3) ПРИЛОЗИ**

**4) ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Регулационен план .......................................... М=1: 1000
2. План на површини на градење .................................. М=1: 1000
3. Сообраќаен и нивелациски план ................................ М=1: 1000
4. Инфраструктурен план .......................................... М=1: 1000
5. Синтезен план ................................................ М=1: 1000

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.Железара локалитет А Блок 9, Општина Гази Баба - Скопје, со утврдување на времето и

местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/4**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 16 КО Маџари**

1. Се објавува одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 16 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/3**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 12 став 1 алинеја 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11 и 54/11), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 16 КО Маџари**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намена во Урбанистичко - планската документација - ДУП Источна индустриска зона - Маџари, донесена од Собрание на град Скопје со Одлука бр.08-2295/1 од 27.04.1989 год., заради вклопување на бесправно изграден објект - трафостаница ТС 10/0,4кВ (Е2 - комунална супраструктура).

**Член 2**

Утврдувањето на потребата да се донесе урбанистичко - планска документација од член 1 на оваа одлука, е констатирано во постапката по Барање бр.08-1233/1 од 08.05.2012 година, поднесено од Министерство за транспорт и врски, а во врска со барањето на АД за дистрибуција на електрична енергија КЕЦ Васил Главинов за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект - трафостаница ТС 10/04 кВ, изградена на дел од КП бр.16 КО Маџари, чија што намена не е во согласност со намената на земјиштето - образование, утврдена со Урбанистичко - планската документација - ДУП Источна индустриска зона - Маџари, донесена од Собрание на Град Скопје со Одлука бр.08-2295/1 од 27.04.1989 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/5**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 170/1 КО Трубарево**

1. Се објавува одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 170/1 КО Трубарево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/4**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 12 став 1 алинеја 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11 и 54/11), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**со која се утврдува потреба да се донесе**
**урбанистичко - планска документација, со која**
**ќе се изврши усогласување на намените**
**за дел од КП 170/1 КО Трубарево**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена во урбанистичко - планската документација - УДНМ за с.Трубарево, донесена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-1120/13 од 30.12.2003 година, заради вклопување на бесправно изграден објект - трафостаница ТС 10/0,4кВ (Е2 - комунална супраструктура).

**Член 2**

Утврдувањето на потребата да се донесе урбанистичко - планска документација од член 1 на оваа одлука, е констатирано во постапката по Барање бр.08-1234/1 од 08.05.2012 година, поднесено од Министерство за транспорт и врски, а во врска со барањето на АД за дистрибуција на електрична енергија КЕЦ Васил Главинов, за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект - трафостаница ТС 10/04 кВ, изграден на дел од КП бр.170/1 КО Трубарево, чија што намена не е во согласност со намената на земјиштето - осумгодишно училиште, утврдена со Урбанистичко - планската документација - УДНМ за с.Трубарево донесена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-1120/13 од 30.12.2003 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/6**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 198/1 КО Трубарево**

1. Се објавува одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 198/1 КО Трубарево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/5**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 12 став 1 алинеја 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11 и 54/11), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 198/1 КО Трубарево**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потреба да се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена во урбанистичко - планската документација - УДНМ за с.Трубарево, донесена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-1120/13 од 30.12.2003 година, заради вклопување на бесправно изграден објект - трафостаница ТС 10/0,4кВ (Е2 - комунална супраструктура).

**Член 2**

Утврдувањето на потребата да се донесе урбанистичко - планска документација од член 1 на оваа одлука, е констатирано во постапката по Барање бр.08-1235/1 од 08.05.2012 година, поднесено од Министерство за транспорт и врски, а во врска со барањето на АД за дистрибуција на електрична енергија КЕЦ Васил Главинов за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект - трафостаница ТС 10/04 кВ, изградени на дел од КП бр.198/1 КО Трубарево, чија што намена не е во согласност со намената на земјиштето - објекти на факултетско стопанство, утврдена со Урбанистичко - планската документација - УДНМ за с. Трубарево, донесена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-1120/13 од 30.12.2003 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/7**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на планот за програми**
**за развој на Општина Гази Баба**
**- за реконструкција на јавното улично**
**осветлување во Општина Гази Баба -**

1. Се објавува планот за програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на јавното улично осветлување во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/6**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите (''Службен весник на РМ'' бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09 и 95/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**П Л А Н**
**НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**- за реконструкција на јавното улично осветлување во Општина Гази Баба -**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на јавното улично осветлување во Општина Гази Баба.

## Член 2

**Образец В 1**

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈА** |
| **Развојна потпрограма** | **Реконструкција на јавно улично осветлување** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈА - 0** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **03892 322 66 55 / 3215 11** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Александар Македонски“ бб - општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се постават 5661 натриумови светилки до крајот на 2012 година; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на јавното улично осветлување преку замена на светилките и електричната инсталација во столбовите; Да се намали од 35% - 40% месечна потрошувачката на електрична енергија преку реконструкција на јавното улично осветлување; Да се намалат трошоците за одржување на јавното улично осветлување за повеќе од 50% на годишно ниво; Да се обезбеди повисок степен на визибилност во услови на неповолни атмосферски влијанија; Поздрава животна средина преку намалување на светлосно загадување на т.н. живини светилки. |
| **Планирани активности** | 1 - Подготовка на тендерска документација ; 2 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 3 - Набавка на потребното количество на светилки во три фази; 4 - Демонтажа на постојните живини светилки и нивно складирање; 5 - Монтажа на натриумови светилки и замена на електричната инсталација; 6 - Евиденција во база на податоци на сите типови на светилки според видот и моќноста, како и денот на нивната замена; 6 - Вршење надзор при реконструкцијата; |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Монтажа на 5661 натриумови светилки до крајот на 2012г.; 2 - Зголемување на енергетската ефикасност на јавното улично осветлување; Значително намалување на трошоците за одржување и потрошена електрична енергија на јавното улично осветлување во општина Гази Баба; 4 - Намалување на влијанието на јавното улично осветлување врз животната средина; |
| **Ризик и претпоставки** | неуспешна јавна набавка; пробивање на терминските рокови за реконструкција на јавното улично осветлување; локални временски услови и терен за работа; пробивање на финансиската конструкција. |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | 2012 година |
| **Датум на завршување на проектот** | 2012 година |
| **Вкупна вредност** | **48.129.840,00** денари |
| **Име на студија** | **Студија за јавно - приватно партнерство за улично осветлување во општина Гази Баба - Скопје1** |
| **Ниво на студија*** | ФС |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **ААГ Анализис енд Адвајзори Груп** |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | Април, 2012 година |

| | | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | | **7.341.840,00** | **20.394.000,00** | **20.394.000,00** | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП = Главен проект

ПФС = Предфизибилити студија
ФС = Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2010 | Предвидени расходи 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | По 2015 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (630) | | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 |
| Буџетско учество | С | 48.129.840 | | | 7.341.840 | 20.394.000 | 20.394.000 | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Влада на РМ ** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупно заеми | | | | | | | | |
| Светска Банка** | С | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **48.129.840** | | | **7.341.840** | **20.394.000** | **20.394.000** | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поoделно.

Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)*

**Член 3**

Овој План на програмите за развој влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' и станува составен дел на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година.

**Број 07 - 2025/8**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за награда**
**и признание на Општина Гази Баба**

1. Се објавува одлуката за награда и признание на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/7**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр. 4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за награда и признание на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат награда и признание на Општина Гази Баба.

За награда на Општина Гази Баба се определува ''ГОЛЕМАТА МАЈКА'' (во натамошниот текст: награда).

За признание на Општина Гази Баба се определува ''ПЛАКЕТА ГОЛЕМАТА МАЈКА'' (во натамошниот текст: плакета).

**Член 2**

Наградата Големата Мајка се состои од: Статуетка на Големата Мајка од археолошкиот локалитет Тумба Маџари, плакета и паричен износ.

**Член 3**

Плакетата претставува писмено насловено со ''Плакета'', што ги содржи следните рубрики: грбот и името на Општина Гази Баба, кому се доделува, зошто се доделува, место за деловоден број, место за печат и место за потпис на Градоначалникот.

На Плакетата се аплицира Големата мајка.

Во рубриката ''зошто се доделува'' стои: ''за афирмација и развој на Општина Гази Баба'', ''за соработка и пријателство со Општина Гази Баба'', ''за постигнати резултати'' и се наведува областа или резултатот, и друго.

**Член 4**

Графичкиот приказ на наградата и признанието ги определува Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

**Член 5**

Трошоците за наградата и признанието на Општина Гази Баба се обезбедуваат од буџетот на Општина Гази Баба, на предлог на Градоначалникот.

**Член 6**

Начинот, условите и постапката за доделување на наградата и признанието на Општина Гази Баба се уредуваат со Правилник, што го донесува Советот на Општина Гази Баба на предлог на Градоначалникот.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/9**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба**

1. Се објавува правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 13.07.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2130/8**
**од 17.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' број 5/02), член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 4/06) и член 6 од Одлуката за награда и признанија, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и седмата седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за начинот, условите и постапката за доделување**
**на награда и признание на Општина Гази Баба**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: награда и признанија).

**Член 2**

Наградата и признанието се доделуваат на физички и правни лица од земјата и од странство, за значајни остварувања од претходната и тековната година, до објавувањето на конкурсот, како и за подолг период на работа и творештво, што заслужуваат внимание на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Награда се доделува за секоја од областите:
(1) култура,
(2) уметност,
(3) наука,
(4) млади и спорт,
(5) образование и воспитание,
(6) здравство,
(7) хуманост и солидарност,
(8) заштита и унапредување на животната средина и природата,
(9) аграр,
(10) стопанство, и
(11) невладин сектор.

**Член 4**

Признание доделува Градоначалникот на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Градоначалник) со решение во текот на целата година, на заслужни физички и правни лица од земјата и од странство, без ограничување на бројот на добитниците.

**Член 5**

Наградата ја врачува Градоначалникот секоја година на 3 ноември - денот на Општина Гази Баба.

Признанието го врачува Градоначалникот во пригодни прилики, во текот на целата година.

**Член 6**

Наградата се доделува врз основа на конкурс што се објавува во едно јавно гласило по налог на Градоначалникот и на веб страницата на Општина Гази Баба.

Конкурсот се објавува на први септември од страна на Градоначалникот и трае 30 дена.

## II. ОДБОР ЗА НАГРАДАТА ГОЛЕМАТА МАЈКА

**Член 7**

Постапката за предлагање и утврдување на наградата ја спроведување одбор за наградата ''Големата мајка'' што го именува Советот на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: одбор).

Мандатот на членовите на одборот по правило е четири години, но не подолго од мандатот на советниците во Советот на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Совет).

**Член 8**

Бројот на членовите на одборот изнесува девет, од кои шест советници и тројца надворешни членови.

Одборот има претседател, заменик претседател и секретар кои ги именува Советот со одлуката за именување членови на одборот.

**Член 9**

Надворешните членови на одборот за присуство на седница на одборот добиваат 8% од месечениот надоместок што го примаат советниците.

**Член 10**

Основни задачи на одборот се:

1. евидентира кандидати за награда во текот на целата година по предлог членови на Одборот, на физички и правни лица,
2. утврдува кандидати за награда,
3. донесува извештај за работа на Одборот, што го доставува до Советот на Општина Гази Баба,
4. донесува заклучоци и препораки за наградата до Советот и Градоначалникот, и
5. врши други работи и задачи.

**Член 11**

Одборот работи на седници во согласност со одредбите од Статутот и Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Одборот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 12**

За седница на одборот се води записник кој содржи: датум на одржувањето на седницата, име и презиме на присутните и отсутните членови, дневниот ред и донесените одлуки и заклучоци.

Членовите на одборот имаат право во записникот да внесат издвоено мислење по прашање од дневниот ред.

## III. ПОСТАПКА ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА НАГРАДАТА

**Член 13**

Право да предлагаат кандидати за награда имаат физички и правни лица со живеалиште, односно со седиште на подрачјето на Општина Гази Баба и членовите на Одборот.

Предлогот мора да биде во писмена форма со образложение и куса биографија, адресиран до Одборот, преку писарницата на Општина Гази Баба.

**Член 14**

Претседателот на одборот е должен најдоцна десет дена од истекот на рокот во конкурсот за поднесување на предлози, да свика седница на одборот за разгледување на пристигнатите предлози и за утврдување на предлог за доделување на награда.

**Член 15**

Одборот најпрво утврдува дали пристигнатите предлози се доставени во предвидениот рок и дали се во согласност со условите од конкурсот.

Одборот составува листа на пристигнатите кандидати според областите за кои се предложени.

Расправата во одборот се води за секоја област посебно, а врз основа на составената листа на предлози и приложената докуменетација.

**Член 16**

Врз основа на расправата по предлозите, одборот со тајно гласање утврдува кандидат за доделување на награда за секоја област посебно.

Одборот може да додели само по една награда за секоја од областите од членот 3 на овој правилник.

Одборот може и да не утврди кандидат за награда за некоја од областите од членот 3 на овој правилник.

**Член 17**

Одборот доставува до Советот предлог на утврдени кандидати за секоја област од членот 3 на овој правилник.

**Член 18**

Предлогот за доделување на награда го потпишува Претседателот на одборот и го доставува до Советот.

Предлогот од ставот (1) на овој член содржи листа на предложените кандидати со образложение и куса биографија за секој кандидат.

**Член 19**

Одлуката за доделување на награда ја донесува Советот на седница.

Советот со јавно гласање се изјаснува за прифаќање на предлогот на одборот во целина.

Советот донесува одлука за доделување на награда само врз основа на предлог од одборот.

**Член 20**

Одлуката за доделување на награда се објавува во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' и на веб страницата на Општина Гази Баба.

## IV. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Плакета се доделува и на ученици и студенти за творечки труд или за постигнати резултати во наставни и вонннаставни активности.

Плакета за ученици и студенти содржи и назив на школото, односно високообразовната установа.

Плакета се доделува на еден ученик од секое училиште и еден студент од секоја високобразовна установа на подрачјето на Општина Гази Баба, на предлог на директорот на училиштето и деканот на високообразовната установа, на крајот од учебната година, на ден што ќе го определи Градоначалникот.

**Член 22**

Градоначалникот најдоцна до 1 мај писмено ги известува директорите на училиштата и деканите на високообразовните установи на подрачјето на Општина Гази Баба за предлагање на ученици и студенти за доделување на плакета.

Предлогот мора да биде во писмена форма со образложение и куса биографија, адресиран до Градоначалникот, преку писарницата на Општина Гази Баба.

Градоначалникот со решение може да определи и паричен износ за учениците и студентите добитници на плакета.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Секретарот на Општина Гази Баба или службеник определен од Градоначалникот води регистар за награди и регистар за признанија.

Регистрите од став 1 на овој член претставуваат неподврзани листови на кои има рубрики за: реден број, добитникот, датум на доделувањето, кој ја врачил наградата односно признанието, кој ја примил наградата односно признанието и датум и место на врачувањето.

Регистрите од став 1 на овој член се трајни документи што се чуваат во архивата на Општина Гази Баба.

**Член 24**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2025/10**
**од 13.07.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

## СОДРЖИНА


РЕШЕНИЕ за објавување на одлуката за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за изградба на доградба и надградба на станбена зграда на КП бр. 1033 и КП бр. 1027/1 КО Гази Баба, на ул. Христо Ботев бр.2 во Скопје ....3

**ОДЛУКА** за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за изградба на доградба и надградба на станбена зграда на КП бр. 1033 и КП бр. 1027/1 КО Гази Баба, на ул. Христо Ботев бр.2 во Скопје ....4

РЕШЕНИЕ за објавување на одлуката за утврдување на Нацрт – Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.„Железара„ локалитет А – Блок 9, Општина Гази Баба – Скопје ....6

**ОДЛУКА** за утврдување на Нацрт – Детален урбанистички план за Изменување и дополнување на ДУП за дел од нас.„Железара„ локалитет А – Блок 9, Општина Гази Баба – Скопје ....7

РЕШЕНИЕ за објавување на одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 16 КО Маџари ....11

**ОДЛУКА** со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 16 КО Маџари ....12

РЕШЕНИЕ за објавување на одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 170/1 КО Трубарево ....13

**ОДЛУКА** со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 170/1 КО Трубарево ....14

РЕШЕНИЕ за објавување на одлуката со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 198/1 КО Трубарево ....15

**ОДЛУКА** со која се утврдува потреба да се донесе урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намените за дел од КП 198/1 КО Трубарево ....16

РЕШЕНИЕ за објавување на планот за програми за развој на Општина Гази Баба – за реконструкција на јавното улично осветлување во Општина Гази Баба – ....17

**ПЛАН** НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА – за реконструкција на јавното улично осветлување во Општина Гази Баба – ....18

РЕШЕНИЕ за објавување на одлуката за награда и признание на Општина Гази Баба ....21

**ОДЛУКА** за награда и признание на Општина Гази Баба ....22

РЕШЕНИЕ за објавување на правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба ....23

**ПРАВИЛНИК** за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба ....24



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 7/12**
**47 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk